МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став 7 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПУВАЧИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПНИТЕ МЕСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Во Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/10 и 144/10) во член 2 по зборот: „овошје“ се додаваат зборовите: „со исклучок на шумски плодови“, а пред зборот „печурки“ се додава зборот „култивирани“.

## Член 2

Во член 3 точка 5 на крајот од реченицата износот:„500“ се заменува со износот: „1000“.

## Член 3

Во член 8 став (1) пред зборот: „печурки“ се додава зборот: „култивирани“.

Во ставот (2) точка а) алинеја 1 износот: :„500“ се заменува со износот: „1000“.

Алинејата (3) се менува и гласи:

„покриено транспортно средство за превоз на помало растојание (до 200 км) или транспортното средство треба да е опремено со разладни уреди доколку транспортот се врши на поголема оддалеченост (над 200 км).“

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-9629/4
28 октомври 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.